ФХ - проф. д-р Хуберт Хелмулер,
Универзитет за применети науки
од Каринтија

# СПРОВЕДУВАЊЕТО НА СЕМЕЈНИ ГРУПНИ КОНФЕРЕНЦИИ ВО СИСТЕМОТ ЗА ГРИЖА ЗА ДЕЦА И МЛАДИ ВО АВСТРИЈА / КАРИНТИЈА - ПРЕДИЗВИЦИ И ПРИДОБИВКИ

**Апстракт:**

„Семејна групна конференција“ е нов и радикален метод за учество на семејниот систем во процесот на планирање на грижата во рамките на јавната грижа за деца и млади. По сојузниот округ Долна Австрија, Каринтија се подготвува да спроведе „семејна групна конференција“ во системот за грижа за деца и млади. Искуствата од Долна Австрија се добро документирани од страна на два истражувачки проекти, и затоа е можно да се извлечат некои заклучоци во однос на тоа што функционира, а што претставува проблем во процесот на имплементација на ваквиот проект.

Првите семејни групни конференции веќе започнаа во Каринтија и првите интервјуа со семејства и социјални работници од Центарот за заштита на млади беа реализирани оваа година. Следствено за прв пат имаме можност да ги погледнеме стекнатите искуства.

Во рамките на 13-тата Конференција за зедничка соработка, семејната групна конференција што се одржа во Клагенфурт на почетокот на септември со околу 100 учесници од Германија, Швајцарија и Австрија, се дискутираше околу прашањата за неопходни и најефикасни чекори за формална имплементација во Каринтија, и согласно истото беше дефинирана јасна процедура.

Главниот проблем во кој било процес на имплементација е парадигматскиот пресврт во ставовите на професионалците, поаѓајќи од еден експертски систем а финализирајќи со кооперативно и партиципативно разбирање на семејните ситуации во рамките на заштитата на децата.

## 1. Состојбата на системот за грижа за деца и млади во Австрија досега

> „Иако со децении се забележува раст на јавното финансирање на социјалните и социјално-педагошките активности, досега не беа направени напори за јавно финансирање за истражување од областа на социјалната работа. Недостасува знаење поставено на здрави основи за тоа какви ефекти предизвикуваат одредени активности, недостасува иновација која е научно заснована“.[1] (Превод: Х.Х.) (Пантушек-Ајзенбахер / Гарвал, 2015, С. 5)

---

[1] „Obwohl ein seit Jahrzehnten wachsender Anteil öffentlicher Gelder in soziale und sozialpädagogische Maßnahmen investiert

Системот за грижа за деца и млади во Австрија е поделен помеѓу деветте области, каде секоја следи своја законска рамка. Оваа состојба е особено зајакната со одлуката на Австрискиот парламент во 2018 година за укинување на федералниот закон заснован врз јасно дадени насоки. Согласно наведеново начинот на кој се постапува со некое лице зависи од областа во која живеете.

Британскиот дискурс за заштита на децата со ова го наоѓа својот двојник тука во Австрија:

> „Фокусот кон заштита, а не на превенцијата, значи дека детето во извесна смисла стана идеализирано и деконтекстуализирано […]. Одвојувањето на децата од нивниот семеен контекст и култура не резултира во безбедно дете, туку во дете без човечко или вистинско лице […] (Хигинс, 2017, стр. 299)

Многу слично на Германија и Швајцарија, се води тековна дебата за ефектите и исходот на интервенциите и поддршката за децата и семејствата. Додека партиципирањето и ориентираноста кон семејството се позиционирани во правни текстови, секојдневната реалност сѐ уште покажува недостаток на овие принципи.

> „Притисокот да се дејствува, потребата веднаш да се докажат ефектите, и економизацијата очигледно водат кон секојдневна практика каде што учеството е маргинализирано. Зголемувањето на процесите на стандардизација, исто така, неизбежно води во ситуација каде што се доведува во прашање вклученоста на адресантите.“[2](Гидов и др. 2013, С. 25) (Превод Х.Х.)

Значи, тенденцијата за патерналистички став на професионалците е сѐ уште активна, а идејата дека само професионалците се експерти кога е во прашање животот на клиентите, ги регулира процесите за поддршка и грижа. „Кооперативна врска помеѓу професионалците и родителите на прв поглед не постои“.[3] (l.c., S. 27) (Превод Х.Х.) Но, од друга страна постојат нови напори и концепти за надминување на ваквите ставови и идеи.

## 2. Семејна групна конференција

Еден од овие релативно нови концепти за диференцираните системи за деца и млади во Европа и Север-

---

wird, wurden bisher keine Anstrengungen unternommen, Mittel für die Sozialarbeitsforschung bereit zu stellen. Es fehlt an fundiertem Wissen darüber, welche Maßnahmen die gewünschten Wirkungen erzielen, es fehlt an wissenschaftlich begleiteter Innovation.“

2 “Der Druck, schnell zu handeln, die Anforderung, Wirkungen unmittelbar nachzuweisen, und die vielerorts drängenden Einsparungsbemühungen führen im Alltag offenbar dazu, dass die Partizipationsanforderung in den Hintergrund gedrängt wird. Auch eine Zunahme von Normierungsprozessen führt unweigerlich dazu, dass die Beteiligung der AdressatInnen im Hilfeplanprozess in Frage gestellt wird.“

3 „Ein partnerschaftliches Verhältnis zwischen Fachkräften und Eltern auf Augenhöhe […] liegt nicht vor.“

на Америка е семејната групна конференција со потекло од маориската практика во Нов Зеланд. Давам краток преглед на овој концепт, кој е поврзан со трудот „The Family Group Conference process“ од групата за семејни права, Лондон.

***Фаза 1: Грижа***

Процесот започнува од грижата на социјалниот работник кој работи во Центарот за грижа за деца и млади. Постапувајќи во однос на елиминирање на оваа загриженост, социјалниот работник му нуди на семејството семејна групна конференција и објаснува како би се реализирала истата. „Дали ќе се одржи семејна групна конференција е одлука која ја донесува семејството. Под никакви околности не може едно семејство да биде присилено да има семејна групна конференција“. (Група за правата на семејството) Откако семејството ќе се согласи, професионалецот поставува координатор за тоа семејството.

***Фаза 2: Подготовка***

Координаторот му помага на семејството да го испланира состанокот, учесниците кои ќе бидат поканети, како и местото и времето на настанот. Координаторот делува како неутрална личност. „На семејствата треба да им се даде можност да побараат координатор кој соодветно ги рефлектира нивната етничка припадност, јазик, религија или пол, и барањето на семејството треба да биде исполнето секогаш кога за тоа постојат услови“. (l.c.) Координаторот го организира состанокот во соработка со детето / младата личност, родителите со родителска одговорност и / или веќе вклучените професионалци, идентификувајќи кој е во семејните релации на детето. Ова може да вклучува блиски пријатели или „други важни лица“.

Координаторот соработува со социјалниот работник и со другите релевантни агенции со цел да се осигура дека членовите на семејството на семејната групна конференција ги имаат потребните информации во однос на системот за грижа за децата и младите и / или заштита на децата. Секоја крајна линија треба да се дефинира, она што може и не може да биде договорено како дел од планот за детето од перспектива на заштита на децата.

***Фаза 3: Конференција***

Семејната групна конференција се одвива во три јасни чекори:

а) Информативна фаза

Овој дел од состанокот го води координаторот. Тој или таа ќе работи на запознавање на сите вклучени лица со целта и процесот на семејна групна конференција и на поставување на работна агенда според која ќе се води состанокот и која би вклучила експлицитни правила на однесување.

Исто така координаторот ќе побара од членовите да се согласат со дадената агенда.

„Давателите на услуги им даваат информации на семејството во врска со:

- причината за конференцијата;
- информации што ги имаат за детето и семејството кои се важни за правење на планот;
- информации за ресурсите и поддршката што тие можат да ја обезбедат;
- каква било информација за состојбата на детето што би можело да има влијание при правење на планот (на пр. дека детето не смее да има контакт со одредено лице); и
- видот на активности кои ќе бидат преземени доколку семејството не може да направи план или доколку планот не е договорен.
- Детето / младата личност и членовите на семејството исто така можат да дадат одредени информации, да побараат појаснување или да поставаат прашања. (l.c.)

б) Само семејството

Персоналот на агенцијата и координаторот не се присутни во текот на овој дел од конференцијата. Членовите на семејството и другите важни лица како на пр. добри пријатели или соседи, имаат време да разговараат меѓу себе и да подготват план што се однесува на поставените проблеми. Тие ќе ги идентификуваат ресурсите и поддршката за да може планот да успее.

в) План и договор

Кога семејството ќе го направи својот план, социјалниот работник и координаторот се состануваат со семејството за да разговараат и да се договорат за планот, вклучувајќи ја и расположливоста на ресурси. Важно е да бидеме сигурни дека децата вклучени во процесот имаат јасна претстава за она што е одлучено и дека нивните ставови се разбрани во целост.“ (l.c.) Координаторот треба да го достави планот до вклучените членови на семејството и до социјалниот работник и другите релевантни професионалци.

***Фаза 4: Имплементација на планот***

Сега започнува спроведувањето на планот - „Сите вклучени лица ги спроведуваат своите задачи од планот во договорените временски рамки и комуницираат и адресираат какви било проблеми коишто би можеле да се појават“. (l.c.)

***Фаза 5: Следна конференција***

Треба да постои јасен процес за преглед на имплементацијата на планот. Координаторот треба да ја испланира наредната семејна групна конференција уште за време на траењето

на првата. Од исклучителна важност е да се организира состанок каде би се направил преглед за тоа како функционира планот, кој ги исполнил своите обврски и до кој степен. Следната конференција исто така овозможува да се направат прилагодувања или да се промени планот.

### 3. Искуства и добиени резултати

Семејната групна конференција како метод за изнаоѓање одржливи решенија за грижа за децата и младите во рамките на семејниот систем е добро документирана и многу истражувања ги докажуваат ефектите и резултатите.

Примерот подолу е од Универзитетот за применети науки Потсдам во Германија од 2015 година. Презентацијата се одржа на Универзитетот за применети науки Каринтија во април 2019 година.

- 96 % од семејствата се задоволни од планот што го направиле.
- 98 % од професионалните лица се задоволни од планот направен од семејството.
- 94 % од учесниците претходно знаеле за проблемот во семејството.
- 50 % од семејствата можат да ги реализираат своите планови без поддршка од Центарот за згрижување на деца и млади.

Цитатите на социјалните работници во Долна Австрија и Каринтија ги потврдуваат овие ефекти.

### 4. Примерот на Долна Австрија

> Дали би ја препорачале семејната групна конференција на колегите? *„Во секој случај, во секој случај. Мислам дека е* исклучително важно. Мислам дека е значајно во однос на тоа што семејството добива многу поголем приоритет да одлучува самостојно, да анализира*, да зборува искрено [...]. Ќерката, исто така, има 13 години, ми даде* важна повратна информација затоа што рече дека се чувствува сериозно сфатена, дозволено ѝ било да се вклучи во разговорот, од неа беше побарано да ги даде своите предлози и мислам дека тоа е затоа што толку многу работи беа артикулирани, што во други ситуации не беше истиот случај, меѓу другото заради тоа што никој не се осмелуваше“. (Социјален работник во Каринтија)

Долна Австрија, една од деветте области во Австрија, со околу 1,7 милиони жители, ја имплементираше програмата во 2011 година со пилот-проект во комбинација со научни истражувања: „Семејна групна конференција - Familienrat in Niederosterreich, Möglichkeiten der partizipativen Hilfe“. Извештајот беше објавен во 2012 година.

На 1 јануари 2013 година, семејната групна конференција стана дел од официјалниот каталог на контрамерки од системот за грижа за деца и млади во Долна Австрија. Со ова

беше дефинирано финансирањето: 43.- € на час за координаторот (максимум 40 часа по случај) со дополнителен фиксен додаток за трошоци.

Во 2016-2017 година се одвиваше втора програма за истражување на семејната групна конференција во Долна Австрија, интегрирана во наставата на училиштето за социјална работа на Универзитетот за применети науки во Свети Палтен, а извештајот беше објавен во 2017 година.

Во моментот има 12 одобрени координатори во различни региони во областа.

Беа реализирани следните придружни мерки:

- Секоја канцеларија за згрижување деца и млади ги има деталите за контакт на одобрените координатори во регионот.
- Понатамошни обуки на стручни лица за семејната групна конференција и вербализација на грижите на центрите за грижа за деца и млади беа понудени и реализирани.
- Професионалци од центрите за грижа за деца и млади добија понуда за поддршка од страна на Владата кога станува збор за прашања поврзани со организација и реализација на семејната групна конференција.
- Беа направени статистики за обработените семејни групни конференции.
- Семејните групни конференциии беа дел од упатствата во процесот на планирање на случаите на грижа за деца и млади.
- Професионалци од центрите за грижа за деца и млади добија брошура за „семејна групна конференција“ со анонимни примери на вербализација на проблеми и дополнителни информации.
- Одборот за психолошко советување препорача реализација на семејна групна конференција поврзана со конкретниот случај.
- Од 2011 до 2019 година, во Долна Австрија беа реализирани 54 семејни групни конференции, што значи не повеќе од шест годишно.

Во однос на тешките напори и истражувачките проекти, кои беа пречките што досега спроведувањето се одвиваше со бавен чекор?

### 4.1 Резултати од истражувањето[4]

„Професионалците од центрите за грижа за деца и млади сè уште

[4] За следните поглавја се повикувам на следните два истражувачки труда: Ilse Arlt Institute on Social Inclusion Research, (2012): Family Group Conference, Familienrat in Niederösterreich, Möglichkeiten der partizipativen Hilfe, St. Pölten. Fachhochschule St. Pölten (2017): “Das Verfahren Familienrat in der Kinder- und Jugendhilfe in Niederösterreich: Rückblick und Ausblick“, St. Pölten. Понатаму, се повикувам на првите транскрипти на интервјуа со социјални работници и семејства кои минале низ процес на семејна групна

не размислуваат за семејни групни конференции како клучен метод за вклучување на семејниот систем“. (l.c.) Значи, основното прашање е: Што тргна погрешно во долгиот процес на имплементација, така што концептот честопати сѐ уште е надвор од котрола?

### 4.1.1. Како инволвираните професионалци се запознаа со семејната групна конференција?

Од каде добивте информации за семејната групна конференција (N = 47, можни се повеќе одговори)?

33 лица добиле информации од владиниот оддел од областа, 27 имале свои извори, 26 стручни лица биле информирани од страна на колегите, 14 од страна на претпоставените и 4 имале други извори.

Се чини дека се работи за комбинација од различен пристап за добивање информации во врска со семејната групна конференција.

### 4.1.2 Вербализација на загрижености

„Вербализација на загрижености“ е нова техника за промена на ставот и изгледот пред адресантите. Социјалните работници повеќе не треба да зборуваат за проблеми и недостатоци, туку да ја покажат својата вклученост зборувајќи за тешкотии и грижа. Социјалните работници не само што мораа да научат нов метод на радикално учество, тие исто така мораа да научат да ја вербализираат грижата во првиот и вториот чекор, така што можеби ова беше преголемо барање.

Прашањето беше, дали професионалците мислат дека е потребна поголема обука за вербализација на проблемите. 50 % (8 од 16) од оние кои немаат искуство во семејните групни конференции, одговориле дека е многу важно / важно да имате повеќе обука, но 71 % (17 од 24) одговориле дека е многу важно / важно да се има искуство во семејни групни конференции.

За конференцискиот процес беше поважно професионалците да умеат да ги вербализираат нивните проблеми. „Мислам дека овој метод е сѐ уште многу непознат, но толку важен за нашата работа. Овде се потребни повеќе односи со јавноста и поголема прецизност во врска со процесот и со неопходните чекори кои треба да се преземат […] .“ (Социјален работник во Долна Австрија)

### 4.1.3 Време на подготовка

74 % од професионалците сметаат дека времето за подготовка на семејните групни конференции е подолго отколку за другите мерки во планирањето -и во процесот на водењето грижа. „Временскот фактор како ресурс е ограничен во центрите за грижа за деца и млади. Со оглед на тоа дека подготовката трае подолго, во стресни ситуации се дава предност на работи кои се добро познати. „Ова

конференција во Каринтија.

е искуство кое не може да се најде во други истражувачки извештаи од Германија или Швајцарија. Имајќи го превид истото, можеби претпоставуваме статус кво состојба//пристрастност од голем дел од вклучените професионалци. Друго навестување кое оди во прилог на оваа хипотеза е дека неквантифициран број на професионалци, исто така, спомнуваат дека неизвесниот исход на семејните групни конференции е пречка за реализација на истите.

#### 4.1.4 Одредување датум

65 % (n = 47) од професионалците сметаат дека одредувањето датум за средба со семејството е тешко (правилно / веројатно добро). Ова е исто така многу специфичен феномен во Долна Австрија. Конкретно, професионалците се плашат дека треба да ги договорат датумите во вечерните часови или за време на викендот.

#### 4.1.5 Координатори

Професионалците сакаат да работат со координатори кои се веќе искусни во семејни групни конференции. Но, како истите да добијат искуство? Професионалците, исто така, го наведуваат моментот на недостапност на координаторите и нагласуваат дека личниот контакт е важен. Исто така очекуваат координаторите да разменуваат искуства како координатори.

Фактот што не е задолжително да се организира наредна конференција следствено првата сесија предизвикува своевидни критики: „[…] Не е возможно доколку применам партиципативен метод, да започнам процес



на контрола после две недели. Да, и доколку не сакате ваква ситуација, ми треба следна конференција, во случај да сакам да продолжам со вклученост на учесниците […]. ”(Социјален работник во Долна Австрија)

### 4.1.6 Ефекти

Опсег на зголемување на соработката:

> *[...] „*По секој успешно реализиран партиципативен метод соработката се подобрува, се зголемува толеранцијата кон професионалците, се подобрува можноста за договори. Особено во интервјуата со клиенти јасно се гледа дека тие го доживуваат системот на грижа за децата и младите по ваквиот метод како работа со кооперативен партнер и се доживуваат себе си преку лична детерминираност кон проблемот како прифатени во сопствената животна ситуација и почитувани.*“ ( FH St. Pölten, 2017)*

Колку семејствата се придржуваат кон договорите?

> *„Претежно, не сите од нив, но тоа не беше причина да се интервенира, не беше реализиран секој договор, мислам не секој предлог се изведуваше збор по збор, но во основа беше сторено она што требаше да се стори“. (Социјален работник во* Долна Австрија)

Што е со учеството?

> *„Семејствата (кои се во можност) подобро прифаќ*аат и реализираат самоопределени договори за поддршка, […] отколку во споредба со хетерономски решенија“. (FH St. Pölten, 2017)

Во кој поглед професионалците го чувствуваат предизвикот?






*„Беше предизвик затоа што нè принудува да размислуваме различно, да се повлечеме* од нашите професионални ставови, што не е лесно. Човек има тенденција да им наметне на клиентите какви било методи и мерки, без многу да размислува.“ (Социјален работник во Долна Австрија)

*„Јас, како социјален работник сфатив дека имам сосема друга улога. Ако започнам со традиционална интервенција и поддршка, тогаш многу* работи можам самиот да утврдам. Мислам, секако дека работите соодветно планирајќи ја грижата додека разговарате со семејството, но на крајот или пред сè во моите идеи гледам каде е проблемот, каде се ресурсите и кои се целите. Сето ова е во мојата глава и тогаш морам да артикулирам одреден проблем - но сето ова е можно да се испорача преку семејна група конференција“. (Социјален работник во Каринтија)

*„Јас сум обожавател на семејните групни конференции. Да, така е, треба да се повлечеш малку. Мислам, и верувам во ова, можете да реализирате семејна групна конференција паралелно со други интервенции и* своевидна поддршка, *како што го видов тоа со г-ѓа* У. *Знам дека* нејзе ѝ треба нешто друго, семејната група конференција не е единствениот пристап, но сепак е супер што можам да согледам од каде доаѓа поддршката, *затоа што програмата за интензивна грижа за семејството, мислам на системот за грижа за деца и млади, никогаш не може да го покрие* она што го опфаќа семејната група конференција.“(Социјален работник во Каринтија)

### 4.1.7 Препораки

Извештајот за второто истражување ги дава следниве препораки:

- Паралелно оценување
- Информативни документи и упатства
- Обуки во секој центар за згрижување деца и млади
- Обуки на ниво на управување
- Задолжителна обука на најмалку еден професионалец од еден ценатр за грижа за деца и млади
- Обезбедено финансирање
- Вмрежување-состанок на координатори
- Закажување последователна конференција како задолжителен стандард

## 5. Спроведувањето на семејна групна конференција во Каринтија

Во почетокот на септември 2019 година, во Клагенфурт, главниот град на Каринтија се одржа 13-тиот состанок за семејна групна конференција. Се дискутираше за тоа како да се имплементира овој нов концепт во системот за грижа за деца и млади во Каринтија.

Во оваа 2019 година, се појавија нови поддржувачки моменти за спроведување на поинакви активности во Каринтија. Претставникот на федералната влада побара прво стратегија за преуредување на системот за згрижување деца и млади од училиштето за социјална работа, и сега во лето истото треба да го испланира функционирањето на системот за грижа за деца и млади за следната деценија. Семејната групна конференција стана дел од конкретната стратешка линија: зголемување на квалитетот со учество, стандардизација, социјална дијагностика, задолжителни обуки.

Важно е да се научи од искуствата на Долна Австрија. Целиот пакет мерки, за да се поттикне одлуката за реализација на семејните групни конференции во конкретен случај, се чини дека не е многу ефикасен, иако секоја мерка се чини значајна. Мора да се даде простор за добри информации и длабоки тренинзи на сите нивоа. Следната конференција мора да биде задолжителна - не како во Долна Австрија. Сепак, се чини дека процесот на имплементација има потреба од некаква опсервација што би значело повеќе од правење анализи. Предизвикот е да се добие критична маса на професионалци за започнување културна промена. „Големите системи за заштита на децата, со своите бирократски тенденции, честопати не ги разликуваат средствата од целите […]“ (Турнел 2010, стр. 7) Следствено системот за грижа за деца и млади сега може да се истакне дека има семејна групна конференција на својата листа (како средство), и така на најдобар можен начин постигнува учество/ партиципативност (како цел). Тогаш дури ниту паралелно ис-

тражување со позитивни резултати не го мотивира системот да дејствува. Во тој случај, дали семејната групна конференција треба да биде задолжителна за сите социјални работници во сите процедури во однос на планирање асистенција? Одговорот на околу стотина учесници на заедничката средба за меѓусебна соработка во Клагенфурт не беше различен од оној од Долна Австрија и различно од она што се планираше досега во Каринтија, а тоа е дека семејната групна конференција треба да биде составен дел од планот за асистенција, а не откако социјалниот работник ќе ја заврши постапката.

Најдобриот начин за спроведување на новиот концепт е да се идентификува еден центар за згрижување деца и млади во еден од десетте региони на Каринтија каде што може да се започне пилот-проект за една или две години. Во него, треба да му се понуди на семејството семејна групна конференција веднаш штом проценката на ризикот и првата социјална дијагноза води кон длабока загриженост. Во зависност од големината на регионот, може да се случи да се организираат една или двесте семејни групни конференции годишно. Мора да се обезбедат доволно ресурси за ваквата бројка. Потоа, се разбира, мора да се спроведе паралелно истражување. Заклучоците од истражувањето треба да поддржат и процес на набљудување. Со резултатите од ваквиот пилот-проект, ваквиот концепт може да се прошири низ целата Каринтија.

> *„Мислам дека на крајот,* иако можеби не се случува ништо конкретно, некако семејната групна конференција одговара во секој случај. Да, всушност одговара во сите случаи. Тоа не значи дека можеби морам да направам нешто дополнително, но за мене секогаш одговара затоа што можам да гледам што се случува и секако, тие се чувствуваат почестени ако ја вратат својата одговорност“. (Социјален работник во Каринтија)
> Главниот проблем во кој било процес на имплементација е парадигматската промена на ставовите на професионалците од експертски систем во кооперативно и партиципативно разбирање на семејните ситуации во рамките на заштитата на децата.

**Извори:**

Fachhochschule Potsdam (2015): Schulze, C.: *Relational soz. Arbeit*, master-thesis, unpublished

Fachhochschule St. Pölten (2017): *Das Verfahren Familienrat in der Kinder- und Jugendhilfe in Niederösterreich: Rückblick und Ausblick*, St. Pölten

Група за семејни права: *The Family Group Conference process*, London (https://frg.org.uk/the-family-group-conference-process) (16.9.2019)

Gadow, T., Peuker, Ch., Pluto, L., van Santen, E., Seckinger, M. (2013): *Wie geht's der Kinder- und Jugendhilfe*, BeltzJuventa, Weinheim/Basel

Higgins, M. (2017): *Child protection in social work in England: How can it be reformed?* British Journal of Social Work 47, P. 293-307

Ilse Arlt Institute on Social Inclusion Research, (2012): *Family Group Conference, Familienrat in Niederösterreich, Möglichkeiten der partizipativen Hilfe*, St. Pölten

Pantucek-Eisenbacher, P; Gharwal, D. (2016): soziales_kapital, wissenschaftliches journal österreichischer fachhochschul-studiengänge soziale arbeit Nr. 15, *Vorwort* / Printed version: http://www.soziales-kapital.at/index.php/sozialeskapital/article/viewFile/447/786.pdf, (17.9.2019)

Turnell, A. (2010): *The Signs of Safety. A Comprehensive Briefing Paper*. http://signsofsafety-stuff.s3.amazonaws.com/Signs%20of% 20Safety%20Briefing%20Paper%20v1-03.pdf, (24.8.2011)

Wolff, R., Biesel, K. (2014): *Aus Kinderschutzfehlern lernen*, transcript, Bielefeld

FH-Prof. PhD. Hubert Höllmüller,
Carinthian University of Applied Sciences

# THE IMPLEMENTATION OF FAMILY GROUP CONFERENCES IN THE CHILD- AND YOUTH-CARE SYSTEM IN AUSTRIA/ CARINTHIA – CHALLENGES AND BENEFITS

**Abstract:**

"Family group conference" is a new and radical method of participating in the family system in the process of care planning within the public child- and youth-care. After the federal county of Lower Austria, Carinthia is preparing to implement a "family group conference" in the child - and youth-care system. The experiences from Lower Austria are well documented by two research projects, so it is possible to draw conclusions about things that function and those that cause problems in the process of implementation.

